**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

## за поднесување барање за посетување на прва почетна обука за проценувачи за процена на вредноста на средствата во земјоделството

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги повикува сите заинтересирани лица кои ги исполнуваат условите за посетување на прва почетна обука за овластен проценувач, да поднесат барање за посетување на **прва почетна обука за проценувачи на вредноста на средствата во земјоделството.**

Согласно член 10 од Законот за процена посетувањето на почетната обука од соодветната област за процена е еден од задолжителните законски услови за полагање на испитот за овластен проценувач.

Кандидатите кои имаат интерес за посетување на првата почетна обука од наведената област на процена треба да поднесат барање до архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство или по пошта на адреса ул.Јуриј Гагарин бр.15 – Скопје.

1.Барањето (исклучиво во печатена форма) треба да содржи:

- Име и презиме на барателот и точна адреса на живеење;
- Телефон за контакт (фиксен, мобилен) и електронска адреса (Е-маил адреса);
- Уплатница (образец ПП/50) за уплатени парични средства за трошоци на обуката во износ од 5.000,00 денари;

  Назив на примачот: Министрство за земјоделство шумарство и водостопанство;
  Банка на примачот: НБРМ;
  Трезорска сметка: 100000000063095;
  Сметка на буџетски корисник: 140010028063119;
  Приходна шифра и програма: 725930 10;
  Цел на дознака: обука за процена од областа на земјоделството.

2. Кон барањето во прилог се доставува:

- копие од лична карта,
- доказ за завршено високо образование и
- доказ за најмалку пет години работно искуство во областа на процена или материјално, сметководствено и финансово работење.

3. Корисниците на социјална помош се ослободени од плаќање на трошоците за правата почетна обука со доставување на потврда за корисник на социјална помош, која неможе да биде постара од 15 дена од денот на објавувањето на Известувањето.

4. Надоместокот за трошоците за првата почетна обука за лица кои повеќе од шест месеци се невработени, изнесува 1500 денари, за што е потребно да се достави потврда за невработеност која неможе да биде постара од 15 дена од денот на објавувањето на Известувањето.

5. За точниот датум, времето и местото на одржувањето на првата почетна обука кандидатите ќе бидат известени на нивната Е-маил адреса најдоцна во рок од осум дена пред одржување на правата почетна обука.

6. Краен рок за поднесување на барањето до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е 10.04.2012 година.

7. Известувањето ќе биде објавено и на Веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостпанство: www.mzsv.gov.mk.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**